**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11. 09. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3921 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 10 август 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 септември 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор извршен по службена должност врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 10 август 2017 година, на државно ниво, е **констатирано прекршување на начелата од член 61 став 1 алинеи 2 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.** Имено, со повеќе изнесени тврдења, во емисијата „Отворено студио", со наслов (испишан на телоп) „За или против геј бракови", емитувана на 10 август 2017 година, во периодот од 20:30 до 21:50 часот и репризирана во периодот од 23:00 од 00:20 часот, Телевизија Нова ги прекрши начелата за вршење радиодифузна дејност во поглед на еднаквоста на правата и слободите на луѓето по сите основи и во поглед на начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните.

Емисијата, жанровски се класифицира како дебата, односно согласно Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми[1], емисијата се вбројува во актуелно-информативна програма која примарно е наменета да известува и/или да анализира во врска со актуелни или со реактуелизирани глобални, регионални и/или домашни општествени случувања, настани и теми, реализирана низ разговори и интервјуа, а може да вклучува и студиски врски, панел дискусии и изјави од соговорници вон студискиот дел.

[1] Упатство за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми, достапно на: http://www.avmu.mk/images/Upatstvo_za_nacinot_na_klasifikacija_na_vidovite.pdf

Емисијата „Отворено студио" со наслов „За или против геј бракови" се емитуваше во живо, а започна со претходно снимено интервју со Ѓорѓи Стојановски, лекар од Гевгелија. Снимката од интервјуто со него претставува и воведен дел во емисијата, односно вовед во дискусијата во студиото. Гости во студиото беа: Мирјана Јовановска - психолог и Влатко Ѓорчев, претставник на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, а во дискусијата, преку онлајн врска учествуваше Горан Гелевски, психолог од Куманово.

По емитувањето на снименото интервју, емисијата продолжи во студиото со разговор во живо со присутните гости. Со вклучувањето во студиото, новинарката Анита Петровска – Рајковиќ ја водеше дискусијата.

Дебатната емисија на тема „За или против геј бракови" треба да се разгледа од два аспекти - од аспект на почитувањето на начелата за вршење на дејноста од член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и од аспект на Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси, бидејќи е емитувана во период кога веќе се распишани Локалните избори 2017, односно од аспект на правилата за појава на говор на омраза во дебатните емисии емитувани во период на изборен процес.

Согласно член 61 од Законот:

„Радиодифузерите при вршењето на дејноста треба да ги почитуваат следниве начела:

- негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста,
- еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот,
- поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло,
- заштита на идентитетот на жртвите на насилство,
- почитување на пресумпција на невиност,
- поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи,
- отвореност на програмите за изразување на различните култури што се составен дел на општеството,
- зачувување и негување на националниот идентитет, јазичната култура и домашното творештво,
- објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања,
- почитување на авторското право и сродните права,
- почитување на тајноста на изворот на информацијата,
- гарантирање на правото на одговор и исправка и
- самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика."

Во Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси се вели дека „медиумите треба да ја одбијат секоја отворена или прикриена изјава на нетолеранција и внимателно да размислат дали објавувањето на таа изјава може да води кон навреда и потсмев врз основа на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера или религија,

припадност кон национална или етничка малцинска група, социјална различност или други видови уверувања, вклучувајќи ги и основите како што се политичкото мислење или сексуалната ориентација“[2].

Понатаму, во Методологијата стои дека не е забрането да се известува за постоењето на „говор на омраза“, се додека говорот не претставува директно повикување на насилство или на уривање на уставниот поредок, или поттикнување на национална, расна, полова или верска омраза и нетрпеливост. Во случаите на говор на омраза во програма во живо, од радиодифузерите се очекува - да го предупредат соговорникот дека таквите изјави се неприфатливи за најголемиот дел од јавноста, доколку соговорникот продолжи да зборува во ист правец - да го предупредат дека таквите изјави се спротивни на новинарските принципи и неприфатливи за медиумот и, како крајна можност - да му го одземат правото да говори во емисијата. Доколку станува збор за дебата или соочување во живо, тогаш како можност да се обезбеди дополнителен контекст новинарот/новинарката да ги покани другите соговорници со своите ставови да му се спротивстават на искажаниот говор на омраза.

Најпрвин, треба да се посочи дека разговорот со лекарот Ѓорѓи Стојановски е реализиран со репортерка која треба да го води интервјуто, но таа не интервенира воопшто во содржината која е целосно препуштена на исказите на соговорникот, а содржината која ја презентира лекарот како вовед не одговара сосема со темата на телопот и придонесува за дополнителни забуни и недоследност во реализацијата на дебатата. Имено тој се занимава со тоа дали хомосексуланоста е болест, со теистичките светогледи и негирањето на Дарвиновата теорија, со тоа дека сексуалните односи се оправдани само поради оставање потомство и дека сè друго е патолошка појава, а дека по барањата за посвојување деца од истополни старатели ќе уследат барања за бракови меѓу луѓе и нивните миленици. Всушност, неговите искажувања во себе содржат низа тези кои претставуваат хомофобија и „говор на омраза“. Станува збор за следниве изрази:

- *„Затоа, моето мислење за хомосексуалност е, уште еднаш ќе повторам, се работи за девијација во сексуалноста, се работи за растројство во сексуалниот нагон, се работи за патолошка состојба во сферата на човечката свест“.*
- *„Дефинитивно, законот за истополови бракови е поопасно нешто од нуклеарна војна“.*
- *„Од друга страна, посвојувањето деца, ќе ве молам, тоа е тежок срам за човечката цивилизација“.*
- *„Од друга страна, дали тоа дете ќе биде подложено на педофилија од страна на неговите родители затоа што факт е дека тие таканаречени родители не се во никакво крвно сродство во однос на тоа дете и јас гарантирам дека во огромен процент педофилијата ќе цвета ради такви бракови“.*
- *„... ако сакаме да ги заштитиме идните поколенија, ако сакаме да опстанеме како нација, ние ќе застанеме против истополови бракови и против посвојување деца во такви истополови бракови“.*
- *„Каде е границата? Каде е крајот? Каде е дното на таа нивна тенденција? Јас ќе им кажам каде е... После хомосексуалните бракови и можноста за посвојување деца, ќе дојде ден кога истата таа заедница и оние кои што се платени за тоа ќе бараат од општествата бракови меѓу луѓе и нивни миленичиња“.*

Ѓорѓи Стојановски, ваквите свои тврдења ги поткрепува со повикување на свој професор и на учебник од кој учел за време на своите студии, а притоа, иако е лекар, ги пренебрегнува или му се непознати фактите дека во 1990 хомосексуалноста е симната од листата на болести на Светската здравствена организација, а дека во Република Македонија, таа е декриминализирана во 1996 година. Всушност, неговите ставови претставуваат отворена форма на хомофобија, која во „Протоколот за утврдување на постапката за постапување во случаи за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет“, на Комисијата за заштита од дискриминација, е дефинирана како „ирационален или општествено конструиран

[2] „Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси“ стр. 17, достапна на: http://www.avmu.mk/images/metodologija_za_monitoring_05.01.2016.pdf

страв, омраза, предрасуда и дискриминација кон луѓето со хомосексуална и бисексуална ориентација и сите оние за кои воопшто се претпоставува дека се геjеви, лезбејки или бисексуалци. Лицата кои се најсилно хомофобични хомосексуалноста ја сметаат за грешна и болна, а кон хомосексуалците чувствуваат омраза, гадење и неретко желба за убиство. Конкретни акции на насилство врз хомосексуалците се многу чест исход на хомофобијата."[3]

Притоа, тој и на почетокот и на крајот се обидува да ја прикрие хомофобијата во своите изјави со тврдење дека неговата животна филозофија е *„Дискриминирање на никого и на ништо по ни еден основ. Стигматизирање на никого и на ништо по ни еден основ."* Меѓутоа, во „Прирачникот во врска со говорот на омраза" од Советот на Европа, јасно се посочува дека „'Говорот на омраза' може да биде затскриен во изјави кои на прв поглед може да се чинат оти се разумни или нормални. Сепак, можно е да се издвојат од применливите текстови по ова прашање и од принципите што ги има во преседентното право на Европскиот суд за човекови права или на други тела"[4] кои изјави претставуваат хомофобија и говор на омраза, а кои, иако се навредливи и шокантни, се во рамките на правото на слобода на изразување.

Дека тврдењата на лекарот Стојановски се израз на хомофобија и говор на омраза јасно покажува македонската судска пракса - конкретно случајот на авторките на учебникот „Педагогија" за трета година д-р Марија Костова, д-р Анета Баракоска и м-р Ели Маказлиева, против колумнистката Ирена Цветковиќ (од 2011 година)[5]. Трите авторки, во учебникот по „Педагогија" ги опишале хомосексуалноста и лезбејството како „негативни појави на сексуалниот живот", а „учесниците на таков изопачен, неприроден и, што би рекле ненормален сексуален живот" како „личности со психички потешкотии и пречки". г-ѓа Цветковиќ, јавно го критикуваше учебникот во своите колумни објавени во „Дневник" и на порталот „Окно", образложувајќи дека е хомофобичен и дискриминаторски и бараше тој да биде повлечен од употреба. Поради ова, авторките на учебникот покренаа тужба за клевета против г-ѓа Цветковиќ. Случајот заврши со пресуда на Основниот суд Скопје 1 со која г-ѓа Цветковиќ беше ослободена од гонење за клевета. По пресудата, Комисијата за заштита од дискриминација (со решение од 21 јули 2011 година, чие спроведување е задолжително) побара од Националната комисија за учебници да се смени страницата од учебникот „Педагогија" за трета година, на која хомосексуалноста беше опишана како девијантна појава и хомосексуалците како болни, бидејќи „го повредува достоинството на група луѓе, предизвикува вознемирување и чувство на пониженост и е дискриминаторска".

Потврда дека станува збор за хомофобија дава и праксата на Европскиот суд за човекови права во случајот *Вејделанд и други против Шведска (од 9 февруари 2012 година).* Тужителите покренале постапка против Шведска пред Европскиот суд за човекови права тврдејќи дека им било прекршено правото на слобода на изразување (член 10), бидејќи биле осудени затоа што во една гимназија разделиле стотина летоци, во кои се тврдело дека хомосексуалноста е „девијантна сексуална склоност", дека има "морално деструктивни ефекти врз срцата на општеството" и оти е одговорна за ширењето на ХИВ/СИДА. Европскиот суд за човекови права пресудил дека нема прекршување на член 10 од ЕКЧП и оти ограничувањето на слободата на изразување на тужителите од страна на шведскиот суд било неопходно во демократско општество за заштитата на угледот и правата на другите. „Судот особено смета дека изјавите за кои станува збор претставувале сериозни тврдења со предрасуди, дури и ако не биле директен повик на дела од омраза. Тој натаму нагласи дека

[3] „Протокол за утврдување на постапката за постапување во случаи за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет", Комисијата за заштита од дискриминација, ноември 2015 година, достапен на: http://www.kzd.mk/mk/dokumenti?download=221:protokol-za-utvrduvanje-na-postapkata-za-postapuvanje-vo-slucai-na-zastita-od-diskriminacija-vrz-osnova-na-seksualna-orientacija-i-rodov-identitet

[4] "Manual on hate speech", Anne Weber, Council of Europe, септември 2009, стр. 5, достапен на: http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/hrpolicy/publications/hate_speech_en.pdf

[5] „Хомосексуалците не се невротични", објавено во „Вест" од 19 јули 2011 и „Извештај за сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници во Република Македонија", http://xa.yimg.com/kq/groups/23471982/269959960/name/Analiza+finalna+verzija.pdf

дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација е исто онолку сериозна колку и дискриминацијата врз основа на раса, потекло или боја"[6].

Со оглед на фактот дека станува збор за дебатна емисија која се одвива во живо и се емитува во време на изборен процес, емисијата "Отворено студио" на тема „За или против геј бракови"треба да се разгледа од аспект на барањето од Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување другите соговорници во дебатата да го обезбедат дополнителниот контекст.

Гостинката во студиото, психологот Мирјана Јовановска, во своето излагање со факти го оспорува тврдењето на лекарот Ѓорѓи Стојановски дека хомосексуалноста е болест. Таа аргументира со конкретни податоци на темата бришење на хомосексуалноста како болест од листата на болести (DSM):

- *„Докторот кажа и инсистираше на нешто што го учел од својот професор. Основите во психијатријата, обично секогаш, толкувањето на болестите, дијагнозите, отпочнуваат од DSM, тоа е америчка една класификација на психијатриски заболувања. Јас обично за темите, вака на телевизија никогаш не се спремам, ќе прочитам нешто и обично зборувам од мојата пракса ама веќе ова е една многу осетлива тема. Сакав да внимавам што ќе зборувам и испечатив еден материјал што и сега, најверојатно ќе добредојде, да одговорам на она што докторот го кажа. Вели дека во 1952 година, американското здружение за психијатрија го објави својот прв дијагностички, статистички прирачник за ментално нарушување и хомосексуалноста беше вклучена како нарушување. Во 1973 година, наведувајќи дека хомосексуалноста по себе не подразбира никакво нарушување во проценката, стабилноста, веродостојноста или општите социјални и стручни способности, психијатриската асоцијација ја отстрани хомосексуалноста од DSM. По темелно разгледување на научните податоци, Американското психолошко здружение, ја прифати истата позиција и во '75та ги повика сите професионалци од областа на ментално здравје да преземат водство во отстранување на стигмата на ментална болест која веќе долго време е поврзана со хомосексуалната ориентација. И уште Кинеското здружение на психијатри ја отстрани хомосексуалноста од својата кинеска класификација на ментални нарушувања во 2001 година по пет години на проучување од страна на Здружението. Така да, ако веќе зборуваме...".*

Освен ова таа јасно посочува дека: *„Во денешните најнови часописи и секаде каде што јас барем имав можност да прочитам, хомосексуалноста вели дека е сексуална ориентација и не и се додава никаква придавка. Туку тоа е сексуална ориентација. Големи се дискусиите како настанува таа сексуална ориентација, од што потекнува, постојат различни теории: генетски, биолошки, теории кои говорат за опкружувањето. Најразлични, секој од својата гледна точка зборува за некоја теорија која ја потврдува неговата лична гледна точка. И слушајќи вака кога луѓето зборуваат за оваа тема, секогаш на памет ми доаѓа - ние живееме со луѓето кои се геј, тоа се нашите блиски пријатели, можеби наши деца и мислам дека треба многу добро да мислиме кога зборуваме и што кажуваме, и на кој начин го дискутираме сето тоа".*

Таа повикува дека хомосексуалците треба самите да кажат што всушност бараат и за каков вид на заедница се залагаат:

*„...Мислам дека голема збунка настана околу тие бракови затоа што едно време, почна нели, модерно беше, и од Запад дојде, бракот е веќе единка која ќе изумре, па ќе ја нема, па во Германија дури имаше предлог една госпоѓа која требаше да влезе во Парламент, или не знам точно од политичките партии, дека бракот треба да се сведе на 5-7 години договор па потоа да се обновува... Значи тоа беше нешто што треба да измине. А потоа наеднаш се јавија се повеќе геј парови кои сакаа да стапат во брак, одеднаш бракот стана актуелна тема и хетеросексуалците рекоа сега: -„А не можете вие во брак, па наш е тој брак". Значи, различно од она што вие го рековте за Македонија затоа што ние никогаш далеку не сме отишле од нашите огништа или оние... Ама тоа беше случување во светот, и сега наеднаш настанува*

[6] "Fact sheet – Sexual orientation issues", European Court of Human Rights, февруари 2016, стр.11, достапен на: http://www.echr.coe.int/Documents/FS_Sexual_orientation_ENG.pdf

*една голема дилема, дали ние ќе имаме хетеросексуални само бракови, дали ќе бидат хомосексуални браковите. Мислам, ако зборот брак е единствениот проблем, тогаш не треба никако да се вика тоа во кое што хомосексуалните партнери ќе влезат. Затоа што нив не им е забрането да бидат заедно, можеби им е потребна законска регулатива за тоа, што јас мислам од таа страна дека ако двајца возрасни живеат заедно, заедно творат, заедно купуваат. Значи гледање од правничка и материјална страна, треба да имаат регулација во законот како сето тоа после ќе го делат. Имаше еден филм порано, стар кај што една од партнерките починува, роднините нејзини и доаѓаат на оваа другата, и го зимаат се тоа, и куќата и се што има. Значи за да не се донесат во една таква ситуација. Мислам дека треба да ги поканиме луѓето кои размислуваат за тоа и имаат такви намери, да они проговорат овдека, кои се нивните идеи, дали се тие навистина такви бракови, онакви традиционални што ние ги разбираме или сакаат нешто друго... ".*

Во поглед на прашањето за евентуално посвојување деца во хомосексуални бракови и дали тие би биле стигматизирани, пихологот Јовановска вели:

*„Па не знам како ќе му биде во училиште... Видете ние денеска исто имаме деца во школо, еве јас имам клиенти кои не си поминале баш славно во основното училиште или во средно. Значи биле од хетеросексуален брак, имале сосем друго проблеми. Значи не мора да значи дека навистина ќе има големи проблеми тоа дете. Оние истражувања до сега што покажуваат, во целиот свет, значи не може да направат разлика, до сега, помеѓу децата што се одгледани во хетеросексуални бракови или во хомосексуални бракови. Во Македонија ние немаме хомосексуални бракови а имаме геј популација. Значи, хетеросексуалните бракови ги одгледале тие деца. Ние не можеме да тврдиме дека тие сега ќе одгледаат, какви деца ќе одгледаат. Значи мислам дека треба заедно да седнеме и да ги решаваме овие прашања. Затоа што хомосексуалноста е дел од нашето живеење. Нашите деца имаат пријатели, нашите комшии се геј, нашите пријатели, моите клиенти, луѓе што ги знам се исто геј популација. Значи не можеме да кажеме дека ги нема, ние да седиме и да дискутираме за нивната судбина, а нив да не ги прашаме како им е или што сакаат тие. Не можеме да се правиме не знам како... Дали по нашите идеи да ги мериме, или да мериме по нешто што е од Запад, или било како. Значи јас мислам дека тоа е добар начин, да седнеме заедно со нив, да ги прашаме, да ги видиме, да ги разбереме и ќе очекуваме од нив дека ќе не разберат исто нас, да ги задржиме нашите традиционални вредности, нашите бракови и заеднички би можеле нешто да решиме....".*

На таков начин, преку дебатата во емисијата е обезбеден спротиставен став со кој се побиваат голем дел од тврдењата на Ѓорѓи Стојановски. Меѓутоа, некои од поставените дискриминирачки тези на лекарот Стојановски, остануваат неконфронтирани од спротивен аспект и став. Тоа особено се однесува на изјавите дека „законот за истополови бракови е поопасно нешто од нуклеарна војна"; дека посвојувањето деца е тежок срам за човечката цивилизација, дека децата посвоени во хомосексуалните бракови би биле жртви на педофилија како и дека по барањата за правата на ЛГБТИ лицата крајот ќе биде во барањата за стапување во брак со домашните миленичиња.

Оттаму, имајќи ја предвид олеснителната околност дека ставовите се изнесени во дебата во која на гледачите им е овозможено да слушнат и спротивставени ставови преку излагањата на психологот Мирјана Јовановска, се констатира дека иако во емисијата „Отворено студио" на тема „За или против геј бракови" има говор на омраза, не се прекршени посебните забрани од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги туку, начелото од член 61 став 1 алинеја 2 за „еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот".

Исто така, во конкретната емисија, а согласно барањата од Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување, по емитувањето на интервјуто, кое се состои од „говор на омраза",

новинарката би требало да се дистанцира од ваквиот говор и да предупреди дека „таквите изјави се неприфатливи за најголемиот дел од јавноста". Наместо тоа, веднаш по вклучувањето во живо, новинарката Анита Петровска - Рајковиќ оценува дека изречените ставови на докторот Ѓорѓи Стојановски се совпаѓаат со ставовите на најмалку 70% од населението, притоа не посочувајќи дека ваквите ставови се дискриминирачки:

- *„Назад сме во студиото, говориме на тема за или против геј бракови. Го слушнавме излагањето на доктор Стојановски од Гевгелија, еве да не претерам ќе речам дека ако не 80%, 70тина% од македонското населени во овие моменти ги има истите ставови, слични ставови како што ги има и доктор Стојановски.*

На ова се спротивставува гостинката во студиото - психологот Мирјана Јовановска, кој ја прекинува со зборовите: *„Не знаеме, не сме направиле истражување за да знаеме...*

Водителката Анита Петровска – Рајковиќ ја прекинува соговорничката со зборовите: *„Традиционално општество сме, конзервативно општество сме, сепак кај нас тоа што на Запад е можеби, нели нормално и модерно, кај нас се уште се гледа на еден друг начин. Се согласувате ли со она што го кажа докторот и кој е вашиот став за или против геј браковите?"*

На аргументираното образложение на психологот Јовановска дека хомосексуалноста не е болест, Петровска – Рајковиќ одговара со: *„Но докторот не рече, не зборуваше за ментална болест, рече „девијација во сексуалноста", „девијација во сексуалноста" сепак не е ментално заболување. Или сметате дека воопшто не треба да биде класифицирано како било каква девијација"*, иако лекарот Стојановски јасно го користи зборот „болест" и јасно вели: *„...хомосексуалноста е девијација во сексуалниот нагон, или растројство во сексуалниот нагон". Е сега, да биде појасно за поширокиот аудиториум, се работи за психијатриски проблем."*

Во односот на водителката кон темата, и во повеќе други наврати може да се забележи изнесување на лични ставови со предрасуди и стереотипи и нивно претставување како факти, и произволно извлекување заклучоци од одговорите на гостите.

На пример, таа се обидува прашањето за хомосексуалноста и правата на ЛГБТИ лицата да го претстави како нешто што на Македонија и е наметнато однадвор. Таа вели:

- *„Факт е дека македонското општество сега во овие моменти нема капацитет, едвај ја задржуваме традиционалната форма на семејството, се браниме од се она што го носи Западот, нели, и што велиме она што е лошо затоа што ни доаѓа од Запад, па сега уште и ова...".*

Притоа ја пренебрегнува изјавата на психологот Јовановска: *„... слушајќи вака кога луѓето зборуваат за оваа тема, секогаш на памет ми доаѓа - ние живееме со луѓето кои се геј, тоа се нашите блиски пријатели, можеби наши деца и мислам дека треба многу добро да мислиме кога зборуваме и што кажуваме, и на кој начин го дискутираме сето тоа".*

Понатаму, водителката, обидувајќи се да даде поинакво светло на дискриминацијата со која се соочува ЛГБТИ заедницата, се обидува да покаже дека ако ЛГБТИ лицата добијат права тоа би претставувало закана за правата и слободите на хетеросексуалните луѓе. Ваквата наводна исклучивост на правата на ЛГБТИ лицата и на лицата со хетеросексуална ориентација има во тврдењата:

- *„...Ама тогаш е дискриминација за таткото. Во Франција донесен е закон каде што наместо мајка и татко, во изводот од матична книга на родени, бидејќи било дискриминација за оние кои што се од истополен брак сега стои „родител 1" и „родител 2". Дали е тоа дискриминација? Зашто да не ме пишува мајка во изводот?"*

- *Госпоѓо Мирјана, еве кога говориме за ова, значи дали обидот за дискриминација на... мислам тие велат дека се дискриминирани нели со „мајка", „татко" итн, меѓутоа дали тоа е од друга страна*

*дискриминација па на мнозинството од оваа страна? Бидејќи се што е наметнато... Јас исто на шега ќе велам дека законот против пушење е дискриминаторски за пушачите. За свои пари не можеме да запалиме цигара, мрзнеме надвор... меѓутоа еве од овој аспект, дали малцинството барајќи права всушност, несвесно, на сила правејќи го тоа, го дискриминира мнозинството?"*

Со цел зацврстување на идејата за опасноста од геј браковите и нивната спротивност на традиционалните семејни форми и вредности, водителката на емисијата констатира дека „традиционалното македонско семејство" се наоѓа пред опасност, дека е кревко, и дека постои можност за „рушење на тлото под нозете" на македонските граѓани доколку семејството биде загрозено. При носењето на заклучокот за кревкоста на македонското традиционално семејство не се наведени аргументи за оправданоста на ваквите тврдења, ниту пак референци од каде се преземени ваквите информации. На таков начин, се создава илузија во поглед на исказите, па нешто што претставува личен став, се презентира како факт. Пример за ова е тврдењето:

- *„Убаво кажа госпоѓата Мирјана, дека еве не мора да се нарекува брак доколку... треба да се изјаснат. Доколку сакаат, во врска со оставштина итн, не мора да биде насловено „брак". Може да биде насловено било како друго. Меѓутоа, ајде, се разорува ли така кревкото македонско семејство? Не само со ова геј популацијата сега што го бара, генерално се разорува ли македонското семејство? Се помалку дечиња имаме, се повеќе разводи, рековте вие дури и премногу, еве сега и барањето и за геј браковите... Ни се руши ли тлото под нозете? Бидејќи сепак основата на ова наше општество е семејството".*

На крајот на емисијата, во поставувањето на последното прашање, водителката повторно го споделува својот став со гостите во студиото и публиката, преку прашање поставено врз база на изјавата на психологот Мирјана Јовановска дека ЛГБТИ лицата треба да бидат вклучени во традиционалните семејни вредности. Водителката го искажува својот став дека треба да се осудат оние кои ќе ги издвојат и дискриминираат ЛГБТИ лицата, но повеќекратно го поставува прашањето дали ЛГБТИ лицата треба навистина да бидат вклучени во семејните вредности:

- *„Мораме ли да ги вклучиме? Еве за крајот, мораме ли да ги вклучиме? Значи јас мислам дека треба да ги осудиме сите оние кои што би ги издвоиле. Тие се едноставно луѓе, дел се од нас, тука се живеат. Доколку некој со прст би покажал поред нивната сексуална ориентација кон нив, да, тој треба да се осуди. Доколку некој би ги дискриминирал на работа поради нивната сексуална ориентација, да, треба да се осуди. Но треба ли да ги издвојуваме како популација? Или треба да ги вклучиме? Ако треба да ги вклучиме тогаш не треба толку да се крева прашина"*

Не е сосема јасно што водителката подразбира под „кревање прашина", и дали тоа кореспондира со тврдењето „*...тој што работи во 4 ѕида е негово право, нели...*".

Новинарите имаат право да поставуваат провокативни прашања кон гостите. Меѓутоа ваквото право не подразбира извлекување произволни заклучоци и претставување на ставови со стереотипи и предрасуди како да се факти. Со низа изјави базирани на стереотипи и предрасуди, кои во текот на емисијата се обиде да ги претстави како факти, со тоа што воопшто не се огради од изјавите на лекарот Ѓорѓи Стојановски, туку се обиде да ги прикаже како став на мнозинството во Македонија и со тоа што, соочена со аргументирана дискусија од страна на психологот Мирјана Јовановска се обиде да ја намали тежината на тврдењето на Стојановски дека хомосексуалноста е „болест" и "психички проблем", водителката на дебатната емисија "Отворено студио" на тема „За или против геј бракови" Анита Петровска – Рајковиќ го прекрши членот 61 став 1 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во делот за „објективно и непристрасно прикажување на настаните".

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на начелата од член 61 став 1 алинеи 2 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** во емисијата „Отворено студио", со наслов (испишан на телоп) „За или против геј бракови", емитувана на 10 август 2017 година, во периодот од 20:30 до 21:50 часот и репризирана во периодот од 23:00 од 00:20 часот, на Телевизија Нова, изнесени се повеќе тврдења, кои ги прекршуваат начелата за вршење радиодифузна дејност во поглед на еднаквоста на правата и слободите на луѓето по сите основи и во поглед на начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните.

## 9. Предлог-мерка:

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да му укаже на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, дека во емисијата „Отворено студио", со наслов (испишан на телоп) „За или против геј бракови", емитувана на 10 август 2017 година, се прекршени начелата пропишани во член 61 став 1 алинеи 2 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се однесуваат на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот, како и на начелото за објективно и непристрасно прикажување на настаните.

***Сектор за програмски работи***

*Прилог:*

*<u>Извадоци од интервјуто со лекарот Ѓорѓи Стојановски:</u>*

*- „ Пред да го кажам моето мислење кое мора да се темели на факти, морам да ги кажам основните принципи на мојата животна филозофија а тоа се: Дискриминирање на никого и на ништо по ни еден основ. Стигматизирање на никого и на ништо по ни еден основ."*

*-„Ни една болест не е за осуда, сите болести треба и мора да се лекуваат. Во оваа прилика сакам да им ставам до знаење на оние кои што се на другата страна од барикадата, значи на оние кои размислуваат спротивно од мене дека воопшто не се работи за моја желба да им наштетам. Бидејќи, ако се вратиме назад на моите основни принципи, ќе сфатат дека во суштина на мојата личност е да не биде никој дискриминиран по ни еден основ. Во тој контекст, ниту хомосексуалците не смеат да бидат дискриминирани по ни еден основ. "*

*- „Во книгата по психијатрија, и во предавањата на професорот Миодраг Мицев, стоеше експлицитно дека „хомосексуалноста е девијација во сексуалниот нагон, или растројство во сексуалниот нагон". Е сега, да биде појасно за поширокиот аудиториум, се работи за психијатриски проблем."*

*-„Затоа, моето мислење за хомосексуалност е, уште еднаш ќе повторам, се работи за девијација во сексуалноста, се работи за растројство во сексуалниот нагон, се работи за патолошка состојба во сферата на човечката свест. Фактите, тоа го кажувам како експерт, тоа го кажувам како христијанин. Ако некој тргне од спротивната теза, дека ако јас имам право како христијанин да го бранам својот став, дека хомосексуалноста е патолошка појава, тој како атеист има исто така право да го брани својот став, меѓутоа секој атеист ќе падне на своето тврдење дека хомосексуалноста е нормална сексуалност, затоа што животната филозофија на атеистите е дека човекот не е создаден од Бог, од творец, туку дека човекот е создаден како последица на еволуција. На еден природен процес. Ќе ги разочарам кога ќе им кажам дека ниту еволуцијата, ниту христијанството, ниту ни една голема вера, ниту Исламот, ниту Јудаизмот, не ја поддржуваат хомосексуалноста туку сите ја осудуваат. Тоа значи, ниту нивниот Чарлс Дарвин, кој што за среќа, на крајот на смртна постела признал дека неговата теорија на еволуција е само една „прилично интелигентна конструкција која нема факти во реалноста", ниту една религија, од големите религии во човештвото, не ја сметаат хомосексуалноста за нормална сексуалност туку ја сметаат за патолошка појава".*

*- „Дефинитивно, законот за истополови бракови е поопасно нешто од нуклеарна војна. Луѓето што не го сфаќаат тоа очигледно не гледаат напред, туку размислуваат во некоја состојба на статус кво кое што еден ден ќе има многу тешки последици. Дефинитивно сум против истополови бракови заради фактот што тие се против природни. Бракот е заедница помеѓу маж и жена, која што треба да биде крунисана со потомство. Тоа не значи дека мислам дека луѓето, оние брачни нормални заедници, кои не сакаат да имаат потомство или не можат да имаат потомство дека тие се во некоја контрадикција со моето тврдење".*

*-„Од друга страна, посвојувањето деца, ќе ве молам, тоа е тежок срам за човечката цивилизација. Зошто? Една претпоставка, млад пар, еве да речеме геј, двајцата, имаат опција да посвојат машко дете или женско дете. Доколку посвојат машко дете, дали кога тоа дете ќе почне да резонира, дали од тоа дете тие ќе прават геј или ќе прават личност со нормална сексуалност? 100% е сигурно дека ќе создаваат од тоа дете геј. Од друга страна, дали тоа дете ќе биде подложено на педофилија од страна на неговите родители затоа што факт е дека тие таканаречени родители не се во никакво крвно сродство во однос на тоа дете и јас гарантирам дека во огромен процент педофилијата ќе цвета ради такви бракови. Од друга страна, доколку посвојат женско дете, небулоза, што ќе создадат од тоа женско дете? А најголемата трагедија, мене не ме интересираат, тие, искрен да бидам, истополови бракови мене ме*

*интересира судбината на тие невини суштества кои што едно општество ќе ги даде во рацете на такви персони. Што значи тоа? Да земеме едно детенце во исто полов брак, машко дете кога почнува да оди на школо. Гледа дека неговите другарчиња имаат родители од различни полови, а тоа има родители од исти пол. Се става една тешка фрустрација во личноста на тоа младо суштество затоа што тоа не е можно да одговори на прашањето: Зошто моите родители се... Зошто јас имам двајца татковци, а некое дете има татко и мајка? Кој може да му го објасни на тоа младо мозоче? Кој е мокен да му каже дека тоа е во ред, дека тоа е нормално, дека тоа е паметно итн? Според мене, тоа е тешка небулоза и ако сакаме да ги заштитиме идните поколенија, ако сакаме да опстанеме како нација, ние ќе застанеме против истополови бракови и против посвојување деца во такви истополови бракови. Затоа што, еден од начините, тоа одговорно го тврдам, и сум до крај убеден во тоа дека е вистина... еден од начините да се уништува човечката цивилизација, а постојат центри на моќ чија тенденција и чија намера е тоа, е преку внесување на хомосексуалноста на голема врата, во сите земји во светот и секоја држава којашто нема да ја прими хомосексуалноста, ќе биде жигосана, ќе биде стигматизирана како назадна, како нација која не заслужува да постои на земјината топка. А суштината е дефинитивно спротивна. И ќе бидам можеби дрзок меѓутоа ги гледам работите во идно време и ќе кажам вака, прашање до ЛГБТИ заедницата и до луѓето кои што се платени за тоа, да протежираат хомосексуални бракови: Каде е границата? Каде е крајот? Каде е дното на таа нивна тенденција? Јас ќе им кажам каде е... После хомосексуалните бракови и можноста за посвојување деца, ќе дојде ден кога истата таа заедница и оние кои што се платени за тоа ќе бараат од општествата бракови меѓу луѓе и нивни миленичиња. Е тоа е крајот, и тоа е дефинитивна деструкција на човечкиот морал, на човечката етика. Затоа сакам во оваа прилика да ги повикам сите оние кои што се компетентни да го кажат своето мислење, да не заради страв од репресии, затоа што, да се разбереме една работа, некој ќе рече дека хомосексуалците се дискриминирани... Знаете што? Ќе дојде ден кога хетеросексуалците ќе бидат дискриминирани, а тој ден е многу близу. И во однос на прашањето, дали треба да бидат дискриминирани хомосексуалците во однос на нивните права, па знаете што, јас како хетеросексуалец, никаде не се чукам во градите со својата хетеросексуалност. Видете вака, и според било која етика, и според било која вера, сексуалноста е човечка интима. Апсолутно е непримерено ние да се чукаме во гради со нашата сексуалност. Па према тоа, во исти правец, јас не ги дискриминирам хомосексуалците, меѓутоа, ги прашувам зошто имаат таа потреба да шетаат по улици и да се чукаат во градите дека се хомосексуалци. Па нека си бидат тие во 4 ѕида како и јас што сум хетеросексуалец во 4 ѕида. Мислам, дефинитивно, не смее да има дискриминација по ниедно прашање, меѓутоа испаѓа дека тие со тоа што јавно се промовираат дека се хомосексуалци, тие не дискриминираат нас - хетеросексуалците кои што сексуалноста ја сметаме за интимна особина и нешто што му е од Бога дадено на човек".*

*Изводоци од дискусијата во студиото и од водителските интервенции на Анита Петровска - Рајковиќ:*

**Анита Петровска - Рајковиќ:** - *„Назад сме во студиото, говориме на тема за или против геј бракови. Го слушнавме излагањето на доктор Стојановски од Гевгелија, еве да не претерам ќе речам дека ако не 80%, 70-тина проценти од македонското население во овие моменти ги има истите ставови, слични ставови како што ги има и доктор Стојановски.*

**Мирјана Јовановска:** - *„Не знаеме, не сме направиле истражување за да знаеме..."*

**Анита Петровска - Рајковиќ:** - *„Традиционално општество сме, конзервативно општество сме, сепак кај нас тоа што на Запад е можеби, нели нормално и модерно, кај нас сè уште се гледа на еден друг начин. Се согласувате ли со она што го кажа докторот и кој е вашиот став за или против геј браковите?"*

**Мирјана Јовановска:** - *„Докторот кажа и инсистираше на нешто што го учел од својот професор. Основите во психијатријата, обично секогаш, толкувањето на болестите, дијагнозите, отпочнуваат од*

*DSM, тоа е американска една класификација на психијатриски заболувања. Јас обично за темите, вака на телевизија, никогаш не се спремам, ќе прочитам нешто и обично зборувам од мојата пракса, ама веќе ова е една многу осетлива тема. Сакав да внимавам што ќе зборувам и испечатив еден материјал што и сега, најверојатно ќе добредојде, да одговорам на она што докторот го кажа. Вели дека во 1952 година, Американското здружение за психијатрија го објави својот прв дијагностички, статистички прирачник за ментално нарушување и хомосексуалноста беше вклучена како нарушување. Во 1973 година, наведувајќи дека хомосексуалноста по себе не подразбира никакво нарушување во проценката, стабилноста, веродостојноста или општите социјални и стручни способности, психијатриската Асоцијација ја отстрани хомосексуалноста од DSM. По темелно разгледување на научните податоци, Американското психолошко здружение, ја прифати истата позиција и во '75та ги повика сите професионалци од областа на ментално здравје да преземат водство во отстранување на стигмата на ментална болест која веќе долго време е поврзана со хомосексуалната ориентација. И уште - Кинеското здружение на психијатри ја отстрани хомосексуалноста од својата кинеска класификација на ментални нарушувања во 2001 година по пет години на проучување од страна на Здружението. Така да, ако веќе зборуваме..."*

**Анита Петровска - Рајковиќ:** - *„Но докторот не рече, не зборуваше за ментална болест, рече „девијација во сексуалноста", „девијација во сексуалноста" сепак не е ментално заболување. Или сметате дека воопшто не треба да биде класифицирано како било каква девијација?"*

**Мирјана Јовановска:** - *„Во денешните најнови часописи и секаде каде што јас барем имав можност да прочитам, хомосексуалноста вели дека е сексуална ориентација и не и се додава никаква придавка. Туку тоа е сексуална ориентација. Големи се дискусиите како настанува таа сексуална ориентација, од што потекнува, постојат различни теории: генетски, биолошки, теории кои говорат за опкружувањето. Најразлични, секој од својата гледна точка зборува за некоја теорија која ја потврдува неговата лична гледна точка. И слушајќи вака кога луѓето зборуваат за оваа тема, секогаш на памет ми доаѓа - ние живееме со луѓето кои се геј, тоа се нашите блиски пријатели, можеби наши деца и мислам дека треба многу добро да мислиме кога зборуваме и што кажуваме, и на кој начин го дискутираме сето тоа".*

**Анита Петровска - Рајковиќ:** - *„Господине Гелевски, сепак во ова македонско општество, такво какво што е, за нас не се природни... Имаше пред неколку години обиди за некои билборди за „разбери ја различноста", кампања беше за „сфати ја хомосексуалноста". На тие билборди беа прегрнати маж и маж како се бакнуваат, или жена и жена, така што допринесе буквално до забуна кај децата, па еве јас ќе дадам и еден пример... Се делеа флаери во едно кафуле во центарот на Скопје, јас бев присутна во кафулето, кога на маса каде што одеа 13-14 години од средно школо на кафе момчиња, и имаше како флаерчиња, како проспект еден вид на неколку страници книжиња, во кои што се објаснуваше дека воопшто не е ништо страшно, не е ништо лошо да се биде геј на деца од 13-14 години, кои што малку чудно реагираа, морам да признаам на тие флаерчиња. Факт е дека македонското општество сега во овие моменти нема капацитет, едвај ја задржуваме традиционалната форма на семејството, се браниме од сè она што го носи Западот, нели, и што велиме она што е лошо затоа што ни доаѓа од Запад, па сега уште и ова..."*

**Анита Петровска - Рајковиќ:** - *„Еве прашање, дали сте за или против геј бракови во Македонија? Еве, во овој контекст, зборуваме денеска затоа што денеска е прашањето на маса. Значи не зборуваме за некое идно време кога свеста и совеста можеби малку би се, напреднала во однос на хомосексуалноста".*

**Мирјана Јовановска:** - *„Јас немам готов одговор на тоа прашање затоа што мене ми е тоа многу поедноставено. Дали сум за или сум против. Мислам дека голема збунка настана околу тие бракови затоа што едно време, почна нели, модерно беше, и од Запад дојде, бракот е веќе единка која ќе изумре, па ќе ја нема, па во Германија дури имаше предлог една госпоѓа која требаше да влезе во Парламент, или не знам точно од политичките партии, дека бракот треба да се сведе на 5-7 години договор па потоа да се обновува... Значи тоа беше нешто што треба да измине. А потоа наеднаш се јавија се повеќе геј парови кои сакаа да стапат во брак, одеднаш бракот стана актуелна тема и хетеросексуалците рекоа сега: -„А*

*не можете вие во брак, па наш е тој брак". Значи, различно од она што вие го рековте за Македонија затоа што ние никогаш далеку не сме отишле од нашите огништа или оние... Ама тоа беше случување во светот, и сега наеднаш настанува една голема дилема, дали ние ќе имаме хетеросексуални само бракови, дали ќе бидат хомосексуални браковите. Мислам, ако зборот брак е единствениот проблем, тогаш не треба никако да се вика тоа во кое што хомосексуалните партнери ќе влезат. Затоа што нив не им е забрането да бидат заедно, можеби им е потребна законска регулатива за тоа, што јас мислам од таа страна дека ако двајца возрасни живеат заедно, заедно творат, заедно купуваат. Значи гледање од правничка и материјална страна, треба да имаат регулација во законот како сето тоа после ќе го делат. Имаше еден филм порано, стар кај што една од партнерките починува, роднините нејзини и доаѓаат на оваа другата, и го зимаат се тоа, и куќата и се што има. Значи за да не се донесат во една таква ситуација. Мислам дека треба да ги поканиме луѓето кои размислуваат за тоа и имаат такви намери, да они проговорат овдека, кои се нивните идеи, дали се тие навистина такви бракови, онакви традиционални што ние ги разбираме или сакаат нешто друго... "*

**Анита Петровска - Рајковиќ:** -*„Се слушнав јас денеска со нив, за жал немаа денеска претставник затоа што сепак се одмори и не можеа да најдат. Ова е за нив период на одмори, инаку се слушнав со здружението и од нив добив одговор дека оваа точка на дневниот ред, геј браковите во нивната агенда воопшто и не е. Денеска вика ние се уште кон кривичниот закон, за навреда... Ова вика некој друг го има извадено место нас, пред време.*

**Мирјана Јовановска:** - *„Кој и да го има извадено треба да го поканиме да дојде тука и да ни објасни што сака. И кои се нивните намери..."*

**Анита Петровска- Рајковиќ:** - *„Поединци се можеби кои што ете се обидуваат така да..."*

**Мирјана Јовановска:** -*„Затоа што ние седиме тука, секој разговара од својата гледна точка, од тоа што си мисли и како они мислат, што би мислеле они дека ние мислиме, значи сите нешто се проектираме тука, во нашите идеи и мисли што ги имаме. Мислам дека треба, ако веќе сме загрижени за тоа, да ги видиме кои се и тие поединци и кој е тој што сака да го направи тоа да дојдат и да дискутираат овде. И да раскажат која е нивната идеја. Зошто вака, ние имаме право, нели и јас сум 34 години во брак. И јас ќе го бранам бракот. И друг пат кога ме покanuвале на телевизија, нели да ме прашуваат дека разводите се сè почести, јас сум таа која го брани бракот. Е сега дали да застанам вака остро на ивицата на бракот, да го бранам по секоја цена и зад некои идеи кои ... Дали јас треба да го бранам бракот како таков и од нив, или не треба... Значи тоа треба многу убаво да го разјасниме и да го дефинираме за да можеме баш да зборуваме за тоа, да не нагаѓаме".*

**Анета Петровска - Рајковиќ:** - *„...На крајот на краиштата, тој што работи во 4 ѕида е негово право, нели..."*

**Анета Петровска - Рајковиќ:** - *„...Ама тогаш е дискриминација за таткото. Во Франција донесен е закон каде што наместо мајка и татко, во изводот од матична книга на родени, бидејќи било дискриминација за оние кои што се од истополен брак сега стои „родител 1" и „родител 2". Дали е тоа дискриминација? Зашто да не ме пишува мајка во изводот?"*

**Анита Петровска - Рајковиќ:** - *„Госпоѓо Мирјана, еве кога говориме за ова, значи дали обидот за дискриминација на... мислам тие велат дека се дискриминирани нели со „мајка", „татко" итн, меѓутоа дали тоа е од друга страна дискриминација па на мнозинството од оваа страна? Бидејќи сè што е наметнато... Јас исто на шега ќе велам дека законот против пушење е дискриминаторски за пушачите. За свои пари не можеме да запалиме цигара, мрзнеме надвор... меѓутоа еве од овој аспект, дали малцинството барајќи права всушност, несвесно, на сила правејќи го тоа, го дискриминира мнозинството?"*

**Анита Петровска - Рајковиќ:** - *„Меѓутоа, ајде да бидеме реални, тоа сакав да го прашам. Еве една хипотетичка ситуација. Денеска, дете, посвоено во Македонија од геј родители, на училиште. Значи ако*

*бидеме реални, не може тоа дете да не биде стигматизирано на училиште и да нема проблем. Или може? Во Македонија, денеска. Да не одиме понатаму, други години понатака, дај боже нели да одиме понапред, еве денеска каква што ни е општествената ситуација".*

**Мирјана Јовановска:** *- „Па не знам како ќе му биде во училиште... Видете ние денеска исто имаме деца во школо, еве јас имам клиенти кои не си поминале баш славно во основното училиште или во средно. Значи биле од хетеросексуален брак, имале сосем друго проблеми. Значи не мора да значи дека навистина ќе има големи проблеми тоа дете. Оние истражувања до сега што покажуваат, во целиот свет, значи не може да направат разлика, до сега, помеѓу децата што се одгледани во хетеросексуални бракови или во хомосексуални бракови. Во Македонија ние немаме хомосексуални бракови а имаме геј популација. Значи, хетеросексуалните бракови ги одгледале тие деца. Ние не можеме да тврдиме дека тие сега ќе одгледаат, какви деца ќе одгледаат. Значи мислам дека треба заедно да седнеме и да ги решаваме овие прашања. Затоа што хомосексуалноста е дел од нашето живеење. Нашите деца имаат пријатели, нашите комшии се геј, нашите пријатели, моите клиенти, луѓе што ги знам се исто геј популација. Значи не можеме да кажеме дека ги нема, ние да седиме и да дискутираме за нивната судбина, а нив да не ги прашаме како им е или што сакаат тие. Не можеме да се правиме не знам како... Дали по нашите идеи да ги мериме, или да мериме по нешто што е од Запад, или било како. Значи јас мислам дека тоа е добар начин, да седнеме заедно со нив, да ги прашаме, да ги видиме, да ги разбереме и ќе очекуваме од нив дека ќе не разберат исто нас, да ги задржиме нашите традиционални вредности, нашите бракови и заеднички би можеле нешто да решиме....".*

**Анита Петровска - Рајковиќ:** *„ Еве една хипотетичка ситуација, еве на пример јас. Јас на пример сум човек што имам конзервативни сфаќања, од татко, од прадедо итн, така сум одгоен човек. Јас не ја разбирам различноста, јас не можам да разберам. За мене е маж и жена да имаат сексуални односи, се што е останато од тоа јас не можам да го разберам. А сега одеднаш некој на сила сака јас да го разберам. И сега јас прашувам: Како ќе натераат со сила ако сум таков човек кој е конзервативен да го разберам? И зошто потребата да ме натераат да го разберам? Кога на никаков начин не им се обраќам на тие луѓе и не ги дискриминирам, не ги понижувам, немам никакво лошо мислење, да ги видам во ред, како сите нормални луѓе... А од еднаш толкава кампања да разберам... Не разбирам различности, што правиме сега?"*

**Анита Петровска - Рајковиќ:** *- „Убаво кажа госпоѓата Мирјана, дека еве не мора да се нарекува брак доколку... треба да се изјаснат. Доколку сакаат, во врска со оставштина итн., не мора да биде насловено „брак". Може да биде насловено било како друго. Меѓутоа, ајде, се разорува ли така кревкото македонско семејство? Не само со ова геј популацијата сега што го бара, генерално се разорува ли македонското семејство? Сè помалку дечиња имаме, се повеќе разводи, рековте вие дури и премногу, еве сега и барањето и за геј браковите... Ни се руши ли тлото под нозете? Бидејќи сепак основата на ова наше општество е семејството".*

**Влатко Ѓорчев:** *- „Треба, треба, како да кажам, да градиме атмосфера во која што нашите деца генерално и ќе се социјализираат помеѓу себе повеќе. Знаете со сите овие технологии и телефони, седат еден покрај други, а не разговараат. Или пак она губење на семејниот неделен ручек. Значи тие врзани работи треба повеќе да ги задржиме, а еден од начините да ги задржиме е почит и приврзаност кон семејството, почит и приврзаност кон бракот, кон децата, кон локалната заедница, значи она што се нарекува и улица, и маало, да се стане на постар во автобус, да се каже „добар ден" на постар во лифт, ако некој те прати постар весник да купиш, ќе одиш ќе купиш весник, зошто да не. Значи едно општество на почит и солидарност во коешто, во цело ова брзање, нема да ги заборава оние важни, важни, важни работи кои што мислам дека треба и понатаму да ги почитуваме".*

**Мирјана Јовановска:** *- „Сè се менува, нели малце сме позатворени, поизолирани ама јас пред некој ден видов деца во мојата зграда. Знаете други некои генерации доаѓаат за кои многу треба да се грижиме и јас се*

*согласувам со вас за сите тие вредности што треба да ги сочуваме. Но, бидејќи оваа емисија бара нешто, ќе прашам како во тие вредности да ги вклучиме и луѓето кои се геј популација. Тие живеат тука со нас".*

**Анита Петровска - Рајковиќ**: - *„Мораме ли да ги вклучиме? Еве за крајот, мораме ли да ги вклучиме? Значи јас мислам дека треба да ги осудиме сите оние кои што би ги издвоиле. Тие се едноставно луѓе, дел се од нас, тука се живеат. Доколку некој со прст би покажал поред нивната сексуална ориентација кон нив, да, тој треба да се осуди. Доколку некој би ги дискриминирал на работа поради нивната сексуална ориентација, да, треба да се осуди. Но, треба ли да ги издвојуваме како популација? Или треба да ги вклучиме? Ако треба да ги вклучиме тогаш не треба толку да се крева прашина"*